**Влада на Република Северна Македонија**

- АГЕНЦИЈА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ –

05 јули, 2021

Архивски број: 04-491/1

Врз основа на член 48 став 4 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19 и 14/20) и член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија” бр. 11/15 и 35/18), Агенцијата за стоковни резерви објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ – 02/2021**

за унапредување на административни службеници

Агенцијата за стоковни резерви објавува Интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник за следното работно место:

1. **Советник за спроведување на јавни набавки** - Одделение за јавни набавки во Сектор за општи и прави работи и јавни набавки, со шифра на работно место: УПР/01/01/В01/000, (1) извршител.

а) Посебни услови:

- ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Правни или Економски науки.
- Потврда за положен испит за спроведување јавни набавки
- работно искуство, и тоа:
- најмалку (3) три години работно искуство во струката.

б) Посебни работни компетенции:

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

в) Распоред на работното време:

- неделно работно време: од понеделник до петок;
- работни часови неделно: 40
- дневно работно време: со почеток на работно време помеѓу 07:30 и 08:30 часот и завршеток на истото поемѓу 15:30 и 16:30, со вкупно времетраење на работниот ден од осум часа.

г) Платата за работното место е во паричен нето износ од 26.278,00 денари.


Агенција за стоковни резерви
Влада на Република Северна Македонија
ул. „Орце Николов“ бр. 71, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 249
www.asr.gov.mk

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Агенцијата за стоковни резерви, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за стокови резерви, при ова административниот службеник треба да ги исполнува и следните услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното звање и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава во писмена форма преку архивата на Агенцијата за стокови резерви до службата за човечки ресурси на: ул. “Орце Николов”, бр.71 Скопје, како и до службената електронска адреса: info@asr.gov.mk и borce.klincarov@asr.gov.mk .

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на web страната на Агенцијата за стокови резерви.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција за унапредување, формирана од директорот на Агенцијата за стокови резерви. Кандидатите ќе бидат известени за времето и местото на одржување на секоја следна фаза од постапката за унапредување, како: административната селекција и интервјуто.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

**Директор**
**Реси Абдурахмани**

Подготвил: Клинчаров Борче


Агенција за стоковни резерви
Влада на Република Северна Македонија
ул. „Орце Николов“ бр. 71, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 249
www.asr.gov.mk